Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15,154/15, 5/16,142/16 и 11/18), конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидат по јавен оглас бр.268/2019 на Агенција за администрација бр.10-1900/8 од 10.12.2019 година, Државниот секретар на Министерство за здравство донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
Бр.-Nr. 04-9035/1
12-12-2019 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## ОДЛУКА

**за избор на 1 (еден) извршител – по пат на јавен оглас**

1. За извршител на работното место **Помошник раководител на сектор за секундарна и терциерна здравствена заштита, Сектор за секундарна и терциерна здравствена заштита**, категорија Б, ниво Б3, шифра на работно место УПР0101Б03000, во Министерството за здравство се избира:

**- Марија Хаџи-Христовска, со идентификациски код 2986938**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 од оваа одлука, по конечноста на оваа одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По објавениот јавен оглас бр.268/2019 од 07.11.2019 година во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Лајм" Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана од страна на Агенцијата за администрација со Решение бр.10-1900/3 од 13.11.2019 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, спроведе административна Селекција за административен службеник Записник бр.10-1900/5 од 25.11.2019 година, Испит за административен службеник Записник бр.10-1900/6 од 05.12.2019 година, Проверка на веродостојност на докази и Интервју за админиистративен службеник Записник бр.10-1900/7 од 10.12.2019 година.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15,154/15, 5/16,142/16 и 11/18), и врз основа на конечната Ранг листа на кандидати од сите фази за селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидат по оглас бр.268/2019 на Агенцијата за администрација бр.10-1900/8 од 10.12.2019 година, Државниот секретар на Министерство за здравство одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По завршувањето на постапката за избор, раководното лице на институцијата носи решение, односно склучува договор за вработување на неопределено време.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,**

**Д-р Владимир Милошев**

Доставено до:
- Агенција за администрација
- Сектор за уп. со човечки ресурси
- Архива

Подготвил:Исмаил Илјази
Одобрил: Нури Џамалари

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
Бр.-Nr. 04-9034/1
12-12-2019 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15,154/15, 5/16,142/16 и 11/18), конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидат по јавен оглас бр.268/2019 на Агенција за администрација бр.10-1900/8 од 10.12.2019 година, Државниот секретар на Министерство за здравство донесе

## О Д Л У К А
### за невршен избор на 1 (еден) извршител – по пат на јавен оглас

1. За извршител на работното место **Помошник раководител на сектор за медицинска опрема, Сектор за медицинска опрема (1) извршител** по јавен оглас 268/2019 година објавен на 07.11.2019 година не се избира кандидат поради тоа што немаше уредни кандидати.

### О б р а з л о ж е н и е

По објавениот јавен оглас бр.268/2019 од 07.11.2019 година во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Лајм" Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана од страна на Агенцијата за администрација со Решение бр.10-1900/3 од 13.11.2019 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, спроведе административна Селекција за административен службеник Записник бр.10-1900/5 од 25.11.2019 година, при селекцијата се утврди дека нема ниту еден уреден кандидат за работното место бр. 1 Помошник раководител на сектор за медицинска опрема, Сектор за медицинска опрема (1) извршител.

Врз основа на конечната Ранг листа на кандидати од сите фази за селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидат по оглас бр.268/2019 на Агенцијата за администрација бр.10-1900/8 од 10.12.2019 година за работното место бр. 1 Помошник раководител на сектор за медицинска опрема, Сектор за медицинска опрема (1) извршител, не се врши избор за кандидат за вработување, затоа што за истото нема кандидат кој се квалификува за вработување.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,**

**Д-р Владимир Милошев**

Доставено до:
- Агенција за администрација
- Сектор за уп. со човечки ресурси
- Архива

Подготвил:Исмаил Илјази
Одобрил: Нури Љамалари